бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје▪тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk www.filharmonija.mk

Врз основа на член 77-ж и 77- е од Законот за Културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Предлогот на Комисијата за постапка за вработување даден за Записник бр.04-598/1 од 27.12.2021 година, за во врска со работното место **II виолина тути (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А – уметници ниво А06** (едно лице) – Албанец/ка, од Јавниот оглас бр.02/2021, објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“ на 17.11.2021година и на веб страната и член 12 од Статут бр.02-126/3 од 05.03.2021 година (пречистен текст) на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, в.д Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје ја донесе следната:

Бр. 04-598/1
27.12.2021 год.

# ОДЛУКА

за избор на кандидат на работно место II виолина тути по оглас бр.02/2021

1. По спроведената постапка за вработување на еден извршител на работното место, II виолина тути со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А – уметници ниво А06 (едно лице) албанец/ка по објавениот оглас бр.02/2021 се избира кандидатот:
   - Момчило Куфојанакис .

2. По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедени финансиски средства бр. 18-8925/2 од 31.12.2020 година, НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, објави оглас за вработување на едно лице – Албанец/ка, за работно место II виолина тути (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А – уметници ниво А06, на определено време до 31.12.2021 година, од јавен оглас бр.02/2021.

На огласот објавен во дневните весници „Слободен печат“, „Вечер“ и „Коха“ на 17.11.2021година, се пријавија 3 (три) кандидати.
В.д Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје донесе Решение бр. 04-545/1 од 03.12.2021 година за форимрање на Комисија за постапка за вработување по јавен оглас бр.02/2021 .
Комисијата за спроведување на постапка за вработување на Записиникот за административна селекција бр.04-545/2 од 06.12.2021 година, утврди дека сите 3(три) кандидати ја поминаа администратвината селекција и истите беа повикани на аудицијата која се одржа на 25.12.2021 година.

Комисијата за спроведување на постапка за вработување на Записникот бр.04-598/1 од 27.12.2021 година, за спроведената аудиција од 25.12.2021 година како најдобар кандидат за работното место - II виолина тути (едно лице) со шифра КУЛ 03 04 А06 002 категорија А - уметници ниво А06, на в.д Директорот му го предлага кандидатот – Момчило Куфојанакис.

бул. Гоце Делчев бр.2 ▪ 1000 Скопје▪тел: +389 2 3118 450 ▪ факс: +389 2 3165 bul. Goce Delcev br.2 ▪ 1000 Skopje ▪ phone: +389 2 3118 450 ▪ fax: +389 2 3165 753 ▪ contact@filharmonija.org.mk www.filharmonija.mk

Од се погоре изнесеното , в.д Директорот на НУ Филахрмонија на РСМ – Скопје одлучи како во изреката на одлуката.

Правна поука: Против оваа одлуката може да се поднесе приговор до Управниот Одбор на НУ Филхармонија на Република Северна Македонија – Скопје, во рок од 8 дена по приемот.

Доставено до:
-Кандидат/и
-Човечки ресурси
-Огласна табла и Веб страна
-Архива

НУ Филхармонија на РСМ -Скопје
в.д Директор
Тина Иванова Бејков